Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР
Бр. 02-094/1
01.03. 2024 год.
СКОПЈЕ

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Врз основа на Член 27 од Статутот на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (Пречистен текст) од 03.03.2022 година, и точка 5 од точка II од Јавен повик за свикување на Годишно собрание на членовите на Здружението, број 02-090/2 од 01.03.2024 година, Претседателот на Собранието, истовремено Претседател на Здружението и членовите на Управниот одбор на Здружението на ден 01.03.2024 година ја донесоа следнава:

# ОДЛУКА
## за распишување избори за Претседател на Собрание и Претседател на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

Член 1

**СЕ РАСПИШУВА** избор за Претседател на Собрание, истовремено и Претседател на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје со отворање на избор преку Јавен повик во времетраење од 14 (четиринаесет) дена вклучувајќи го денот на објавување на Јавниот повик на ден 01.03.2024 година и затворање на Јавниот повик на ден 14.03.2024 година, 16 часот.

Претседателот на Собранието е истовремено Претседател на Здружението.

Член 2

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Претседателот на Собранието/Здружението и членовите на Управниот одбор на Здружението да ги утврдат критериумите за избор на Претседател на денот на носење на Одлуката.

Член 3

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Претседателот на Собранието/Здружението и членовите на Управниот одбор на Здружението во непосредна соработка со одговорното лице во Здружението за комуникации со јавност да објават Јавен повик за распишување избори за Претседател на Собрание и Претседател на Здружението и го објават на официјалната интернет страна на Здружението на денот на носење на Одлуката.

Член 4

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Претседателот на Собранието/Здружението, да го стави на дневен ред изборот и именувањето на новиот Претседател на седницата на Годишното собрание закажана за ден 22.03.2024 година преку Јавен повик за свикување Годишно собрание на членовите на Здружението, број 02-090/2 објавен на ден 01.03.2024 година.

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

| | | |
|---|---|---|
| **Број 02-094/1** | **За Управен Одбор** | **СТАР-СТАР Скопје** |
| **01.03.2024 година** | Лила Милиќ | Борче Божинов, Претседател |
| **Скопје** | | |

Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР СКОПЈЕ